**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1103-665/6**
**Скопје, 30.11.2007година**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА ВОЕНА БОЛНИЦА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за одбрана – сметка за приходи остварени од самофинансирачки активности - Воена болница за 2006 година, кои се прикажани на страните од 7 и 8.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Министерството за одбрана – сметка за приходи остварени од самофинансирачки активности - Воена болница за 2004 година. За годината која и претходи на годината што е предмет на ревизија не е вршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Јован Манасиевски, министер до 26.08.2006 година
   - Лазар Еленовски , министер од 26.08.2006 година и
   - Полковник Д-р Петре Утковски, командант на Воената болница

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 6, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 03.09.2007 до 22.10.2007 година , од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

10.1. **Неправилна примена на акти**

10.1.1. Воената болница заклучно со 31.12.2006 година во Билансот на состојбата искажала побарувања во вкупен износ од 1.054.485 илјади денари, кои се пренесуваат од 1992 година. Од вкупните побарувања 98% или 1.033.175 илјади денари се по основ на извршени и фактурирани здравствени услуги на Фондот за здравствено осигурување (ФЗО). Останатите побарувања во износ од 8.549 илјади денари или 1% се побарувања од ПЗО Филип Втори и 1% од побарувањата се однесуваат на физички и правни лица по разни основи кои не ги подмириле своите обврски.

Ненаплатените побарувања од ФЗО произлегуваат од Договорот за обезбедување и начинот на плаќање на здравствените услуги на осигурени лица, кој за 2006 година е договорен на вредноста од 138.000 илјади денари. Ревизијата утврди низа неусогласености и неправилности во реализацијата на договорните и законските обврски помеѓу Фондот за здравствено осигурување и Воената болница и тоа:

- Утврдена е голема диспропорција помеѓу договорениот и фактурираниот износ за извршени здравствени услуги. Договорени се 138.000 илјади денари, извршени се здравствени услуги за 237.956 илјади денари, а исплатени од фондот 113.850 илјади денари. Учеството на Фондот со 48% во покривање на надоместокот за извршените здравствени услуги, има неповолен ефект на набавките на потрошен медицински и санитетски материјал, лекови, медицинска опрема за потребите на одделенијата во болницата и создава проблеми со тековното одржување на објектот, што се одразува на квалитетот на пружените здравствени услуги.

- Согласно Договорот со Фондот договорениот износ од 138.000 илјади денари не го содржи износот на средствата за извршените хемодијализи на осигурени лица, за што Воената болница доставува посебни фактури. Во 2006 година по овој основ болницата побарува од Фондот 6.992 илјади денари, обврска која Фондот не ја подмирил и покрај одредбата од Договорот.

- Согласно Законот за здравствено осигурување, партиципацијата што ја остварува Воената болница е приход на Фондот. Во 2006 година по овој основ Воената болница остварила 18.339 илјади денари, а уплатила на Фондот 8.450 илјади денари или 46% од остварените приходи, што е вообичаена пракса на компензација помеѓу побарувањата и обврските со Фондот преку форма на записник.
- Средствата од партиципација Воената болница ги евидентира како сопствен приход, без да искаже обврска спрема Фондот по овој основ. За делот од партиципацијата кој го уплатува во Фондот, не евидентира расходи, туку ги намалува приходите, со што го нарушува начелото на буџетското сметководство и нереално и необјективно ги прикажува билансните позиции

**Препораки и мерки:**

1. Фондот за здравствено осигурување да ги преиспита потребите на Воената болница и реално и објективно да ги процени средствата неопходни за остварување на нејзината основна дејност, преку покривање на надоместокот за извршени здравствени услуги.
2. Одговорните лица во Воената болница да превземат мерки за почитување на одредбите од Законот за здравствено осигурување и партиципацијата од извршени здравствени услуги редовно да ја уплаќаат во Фондот за здравствено осигурување.
3. Одговорните лица во финансиското одделение на воената болница да ги почитуваат принципите на буџетското сметководство заради реално и објективно прикажување на билансните позиции.

### 10.2. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба

10.2.1. Спротивно на Законот и Правилникот за сметководство за буџети и буџетски корисници не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба на вкупните Залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар во Воената болница. Залихите на ден 31.12.2006 година во Билансот на состојба се проценети во вкупен износ од 201,406 илјади денари, а состојбата со пописот и материјалната евиденција изнесува 171,486 илјади денари. Ова има за последица нереално и необјективно прикажување на залихите на градежни и потрошни материјали во износ од 29,920 илјади ден, состојба која потекнува од минати години како резултат на нерасчистени состојби кои потекнуваат од минати години.

**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во Воената болница да ги утврдат причините за неслагањето на материјалната и финансиската евиденција на залихите на материјали со фактичката состојба утврдена со поис и да превземат мерки за отстранување на истите. Да се утврди одговорноста на ракувачите со залихите и да се задолжат лицата за евентуалните кусоци, а доколку се работи за сметководствени грешки истите да се исправат.

### 10.3. Слабости во финансиското раководење и известување

10.3.1. Во Воената болница не се води финансиска евиденција на залихите на лекови и останат медицински материјал, кои според магацинската евиденција во Воената аптека изнесуваат 9.110 илјади денари, што е спротивно на Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

Со пописот на лековите фактичката состојба се усогласува со магацинската евиденција на аптеката но не и со сметководствената евиденција. Ваквата сосотојба е резултат на неимплементираното софтверско решение за делот на материјалното финансиско работење, кое треба да обезбеди целосни, вистинити и веродостојни информации за резултатите на финансиските промени и за финансиските трансакции што ќе има за ефект контрола на залихите на лекови и останат медицински материјал.

10.3.2. Министерството има склучено Договор за деловно–техничка соработка со ПЗО Филип Втори, согласно кој ПЗО користи простор во рамките на Воената болница од 1.603м2. Во Билансот на состојбата искажани се побарувања кон ПЗО Филип Втори во износ од 8.549 илјади денари по основ на користење на здравствени услуги од Воената болница, за комунални услуги, набавка на крв и крвни преработки, течен кислород и др. услуги. Најголемо е побарувањето по основ на земање, испитување, преработка, чување, издавање на крв (вклучувајќи го материјалниот трошок) и изнесува 4.217 илјади денари. Ова побарување е резултат на неприфаќањето на цената од 5 денари за мililitar крв формирана од страна на Воената болница врз основа на реалните трошоци на материјалите и реагенсите неопходни за обработка и тестирање на крвта. ПЗО плаќањето на фактурите го врши по цена од 3 денари по милилитар крв, непочитувајќи го ценовникот на Воената болница, што е прифатена обврска според Договорот за деловно техничка соработка од 2002 година. Исто така ПЗО Филип Втори сеуште нема инсталирано посебни броила за пресметка на потрошената електрична енергија, вода и парно греење туку учествува со 8% во вкупните расходи по овој основ и во услови на проширување на просториите со кои располага, што има за ефект зголемување на трошоците на Воената болница.

10.3.3. Ревизијата утврди слаба динамика во реализацијата на Планот за јавни набавки на Министерството за одбрана за 2006, во делот на Воената болница. Со увидот во Регистарот на реализираните набавки за 2006 година и евиденцијата на отпочнати, завршени и постапки кои се уште во тек, ревизијата констатира отежната реализација на набавките. Имено поради жалбени постапки како и поради одложеното потпишување на договорите од страна на министерот и други одговорни лица овластени за потпишување, постапките се водат повеќе од 10 месеци, што има за ефект релизацијата на ангажираните средства да биде под 50%. Од друга страна долгата процедура во реализацијата на годишните набавки има за ефект постојан недостаток на лекови и медицински материјали и ненавремена адаптација и реконструкција на дел од  просторот во Воената болница.

За премостување на недостатокот на лекови како резултат на спориот процес на реализација на набавките, Воената болница голем дел од најнужно потребните лекови ги набавува по постапки со набавка од мала вредност, што не доволно да ги  ги покрие реалните потребни количини во текот на годината:

**Графички приказ на бројот и динамиката на реализацијата на јавните набавки за**

**медицинска опрема, санитетски материјални средства и тековно одржување**




**Препораки и мерки:**

1. Одговорните лица во Воената болница да преземат мерки и активноси за воведување материјална евиденција на лекови и медицински материјал, согласно законските прописи, преку целосно имплементирање на софтверот.
2. Двете страни од Договорот за деловно–техничка соработката, ПЗУ Филип Втори и Воената болница да постапат согласно обврските кои произлегуваат од договорот, а Воената болница да ги превземе сите мерки и активности за наплата на своите побарувања.
3. Одговорните лица во министерството и Воената болница да ги утврдат причините за слабата реализација на набавките во Воената болница и да превземат мерки за нивно надминување имајќи предвид дека станува збор за набавки на лекови и потрошен медицински материјал без кој болницата не може да ја обавува основната дејност, лекување на болни.

## 10.4. Ненаменско и незаконско користење на средствата:

10.4.1. Во Воената болница од вкупно 803 систематизирани работни места, пополнети се 640. На испразнетите места во постојната формациска поставеност, Воената болница ангажира лица со договор за дело кои во 2006 година се движат од 47 до 76 лица. Овие вработени извршуваат редовни работни активности за потребите на болницата во континуитет од неколку година, спротивно на законските прописи. Надоместокот за оваа категорија на вработени главно се покрива од средствата на Министерството за одбрана. Воената болница во 2006 година од средствата за самофинансирачки активности исплатила 783 иљјади денари за 8 лица ангажирани со договори за дело.

**Препораки и мерки**:

1. Да се преиспита потребата од ангажирање на лица по договор за дело и доколку се оцени дека нивното ангажирање е неопходно да се испита можноста за редовно вработување.


*ул: "Маршал Тито" - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311* ---------------------------------------

10.5. **Прифатени и корегирани неправилности од страна на Воена болница во текот на ревизијата**

10.5.1. Во периодот на вршење на ревизијата, а со цел реално и објективно прикажување на позицијата Нематеријални вложувања и Извори на капитални средства, извршена е корекција со која истите се зголемуваат во вкупен износ од 1.419 илјади денари, за вредноста на неевидентираниот софтвер за материјално финансиско работење. Корекцијата е спроведена со налог за книжење број 0001 од 26.09.2007 година.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1.1. ал.4.; 10.2.1. и 10.3.1., финансиските извештаи, не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Министерството за одбрана – сметка за приходи остварени од самофинансирачки активности - Воена болница под 31.12.2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10.1.1. ал.3. и 4. кај Министерството за одбрана – сметка за приходи остварени од самофинансирачки активности - Воена болница, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

13. **Известување за превземени односно непревземени мерки од страна на субјектот по основ на препораките и мерките на ревизијата**

13.1.1. Ревизијата констатира дека Воената болница постапила по сите препораки на ревизорскиот извештај од 2005 година, освен по препораките во точките 11.3.1. 11.3.4.и 11.4.3. а во врска со:

- Ставањето во функција на Галенската лабараторија, за производство на инфузиони раствори, набавена во 1996 година со вредност од околу 500.000 евра. И покрај интервенциите на Воената болница преку Генерал штработ до Министерството за одбрана за обезбедување на дополнителни средства за архитектонско-градежни работи неопходни за пуштање во употреба на лабараторијата, сеуште не се превземени соодветни активности за надминување на состојбата од страна на Министерството.
- Невоспоставена материјална евиденција на лековите и останатиот медицински материјал.

**Скопје, 28.11.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА**
**ВОЕНА БОЛНИЦА**
**Сметка за приходи од самофинансирачки активности**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 137.284 | 124.104 |
| Трансфери и донации | 46 | 185 |
| **Вкупно приходи** | **137.330** | **124.289** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 122.360 | 112.832 |
| **Вкупно тековни расходи** | **122.360** | **112.832** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 3.729 | 11.412 |
| **Вкупно капитални расходи** | **3.729** | **11.412** |
| **Вкупно расходи** | **126.089** | **124.244** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **11.241** | **45** |


*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

*Овластен Државен ревизор*

---------------------------------------

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 11.240 | 46 |
| Побарувања | 1.054.485 | 935.390 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 25 | 116 |
| Побарувања од вработените | 841 | 841 |
| Активни временски разграничувања | 32.387 | 54.666 |
| Залихи | 201.406 | 406.782 |
| **Вкупно тековни средства** | **1.300.384** | **1.397.841** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 373.295 | 357.925 |
| **Вкупно постојани средства** | **373.295** | **357.925** |
| **Други средства** | 372 | 372 |
| **Вкупна актива** | **1.674.051** | **1.756.138** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 32.386 | 53.438 |
| Пасивни временски разграничувања | 1.066.592 | 937.620 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1.098.978** | **991.058** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 575.073 | 765.080 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **575.073** | **765.080** |
| **Вкупна пасива** | **1.674.051** | **1.756.138** |

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА**
**ВОЕНА БОЛНИЦА**
**Сметка за приходи од самофинансирачки активности**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **358.297** | **406.783** | **765.080** |
| **Зголемување по основ на:** | **18.698** | **168.982** | **187.680** |
| Набавки | 18.698 | 168.982 | **187.680** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **1.909** | **374.359** | **376.268** |
| Отпис на капитални средства | 1.408 | | **1.408** |
| Преотстапени постојани средства на ВП | 501 | | **501** |
| Амортизација | - | | **-** |
| Издадени материјали во употреба | | 363.406 | |
| Отпис на ситен инвентар | | 10.953 | |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **375.086** | **201.406** | **576.492** |



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:211-262, факс:126-311*

*Овластен Државен ревизор*

---------------------------------------